РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр УП-I-10-8
30.03.2022 год.
РЕСЕН

ДО:
Македонско здружение на млади правни
Ул. Донбас бр. 14-1/6
1000 Скопје

**Предмет: Достава на одговор, Информации од Јавен Карактер**

По Вашето барање евидентирано под бр УП-I-10-8 од 16.03.2022, Утврдување на состојбите и потребите на Општината во процес на креирање на политики за мадинско учество и прашања од областа на животна средина и областа за Локален младински совет. Општина Ресен согласно член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на СРМ" бр. 101/19), Општина Ресен постапи по Вашето барање, во прилог Ви го доставуваме одговорот на вашето барање информации за точкка 1 до точка 8, одговор од Секторот за животна средина. Додека одговорот за следните прашања ги имате во продолжение на овој текст:

Одговор на точка 9:
Информирани сме од Секторот за Урбанизам, комунални работи, ЛЕР и прекугранична соработка, дека постапката за формирање партиципативно тело за урбанистичко планирање е во тек.

Одговор на точка 10:
Локален младински совет не е формиран во Општина Ресен.

Одговор на точка 11:
Општина Ресен нема донесено локална стратегија за млади.

Одговор на точка 12:
Општина Ресен обезбедува учество на претставници на млади во креирањето политики на локално ниво, со предлози од група на млади.

Одговор на точка 13:
Општина Ресен има активни граѓански организации и тоа се:
- Акција Плус
- Еко Герила

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

**Изработил:** Аријан Лумани

**Контолирал:** Зухра Алиовска

**Одобрил:** Дијана Кремшовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН

**ОПШТИНА РЕСЕН**
**Сектор за животна средина**
Бр.18-сл.
29.03.2022 година

До: Сектор за правни и општи работи и јавни дејности

Предмет: Достава на податоци

Почитувани,

Во врска со поднесената претставка заведена под број УПП-I-10-8 од 21.03.2022 година, која преку Вашиот Сектор, доставена е и до Нас. Секторот за животна средина при општината Ви укажува на следното:

Одговор на прашањето под број 1:
Во согласност со членот 17 од Законот за животна средина, општина Ресен нема пропишано посебни постапки со кои се обезбедува правото на пристап до информации и учество на јавноста во донесување на одлуки кои се однесуваат на состојбата со животната средина. Но, општината во согласност со позитивната законска регулатива, ги спроведува сите активности поврзани со учеството на јавноста во донесување на тие одлуки.

Одговор на прашање под број 2:
Во согласност со членот 45 став 5 од Законот за животна средина, ЕЛС може и не мора да изготвува/изработува Извештај за состојбата со животната средина. Го цитирам дел од тој член: **Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да изготват извештај за состојбата на животната средина на нивното подрачје.**

Одговор на прашање под број 3:
Да, општината ги исполнува условите за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Одговор на прашање под број 4:
Да, општината има вработено 1 (еден) овластен инспектор за животна средина.

Одговор на прашање под број 5:
Не, општината нема формирано локална мрежа за мониторинг на животната средина.

Одговор на прашање под број 6:

Да, општината има изработено и донесено, со Одлука на Советот на општината, ЛЕАП. Во изработката и во анкетите спроведени во времото на изработката учесвуваа млади лица некои од нив беа помлади и под 30 годишна возраст.
ЛЕАП-от е прикачен на Нашата ВЕБ страна www.resen.mk во прозорец на стратешки документи.

Одговор на прашање под број 7:
Не, општината нема усвоено Локална агенда 21.

Одговор на прашање под број 8:
На територијата на општината ги има следните заштитени подрачја:

1. НП Пелистер,
2. НП Галичица,
3. СП Преспанско Езеро, и
4. ПП Е зерани.

Општина Ресен управува со Споменик на природата Преспанското Езеро и Парк на природата Езерани, согласно Законите за прогласување на двете заштитени подрачја.

Со почит,

Раководител на Сектор за животна средина
Ајман Ал малла